Министерство за финансии

# НОВИ И ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА КУПИ КУЌА, КУПИ СТАН

Министерство за финансии

# Со измените кои ги предлагаме кај Законот за субвенционирање на станбен кредит:

- Значително ги намалуваме каматните стапки;
- Воведуваме нови модели на субвенционирање и нови поволности за граѓаните;
- Ги прецизираме условите,  за проектот да го искористат оние кои навистина имаат потреба од него.

Министерство за финансии

# Најголема новина и поволност за граѓаните е значителното намалување на каматните стапки!

3,95% → **2,9%** за првите три години за опцијата „Рата“

4,44% → **3,9%** за 4-та и 5-та година за опцијата „Рата“

4,5% → **4,0%** за **цело време на отплата** за опцијата „Учество“

*маргина над 6-месечен ЕУРИБОР

# КУПИ СТАН ЗА МЛАДИ ДО 35 ГОДИНИ

Министерство за финансии

- Кај опцијата за субвенционирање на „Рата“, субвенциите ќе изнесуваат **70%** од месечната рата за станбениот кредит

Пример: за кредит од 50.000 евра субвенцијата ќе изнесува околу 12.000 евра.

- Кај опцијата „Учество“, субвенциите се зголемуваат на **70%** од учеството за станот

Пример: за кредит од 50.000 евра субвенцијата ќе изнесува 8.750 евра.

# ЕДНОГОДИШНА СУБВЕНЦИЈА НА МЕСЕЧНАТА РАТА (ГЛАВНИНА И КАМАТА) ВО ВИСИНА ОД 30% ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Министерство за финансии

**За секое родено или посвоено дете** за корисниците на кредитите кои ќе го зголемат семејството во рок од **10 години** од добивање на кредит преку проектот„Купи куќа, купи стан“ - се доделува едногодишна субвенција од **30% на рата**

# ИЗГРАДИ/КУПИ КУЌА ЗА НАД 35 ГОДИНИ

Министерство за финансии

**Опција „Рата“:** субвенции од **80%** **од месечната рата** во првите **5 години** од отплатата.

Пример: За кредит од **50.000 евра, субвенцијата ќе изнесува 13.600 евра.**

**Опција „Учество“:** субвенции од **80%** **од учеството**

Пример: За кредит од **50,000 евра**, субвенцијата ќе изнесува **10.000 евра.**

# НОВА МОЖНОСТ ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ОТПЛАТА

Министерство за финансии

**Се воведува нова можност:** по истекот на периодот на субвенционирање, корисниците имаат право од сопствени средства **предвреме** да отплатат до 20% од преостаната главнина од кредитот.

# Ги прецизираме условите, за да проектот го искористат оние кои навистина имаат потреба од него

Министерство за финансии

- Ја ограничуваме големината на становите и куќите до **150 $м^2$**, за да избегнеме ситуација државата да финансира луксуз. Се модифицира и „Купи куќа за млади“за да им се помогне на оние на кои навистина им е потребно.

- Го менуваме условот во однос на максималните приходи на корисниците. Наместо максимум за „приходите по основ на плата“, се воведува „максимум по основ на вкупни приходи“. Праговите остануваат исти - 900 евра за поединец и 1300 евра за брачни другари.

# Ги прецизираме условите, за да проектот го искористат оние кои навистина имаат потреба од него

Министерство за финансии

- Се прецизираат ситуациите кога барателите на кредити поседуваат делови на недвижен имот по основ на наследство или дар. Воведуваме вредносен праг од 30.000 евра за ваков имот.

- Воведуваме вредносна граница на друг недвижен имот со кој може да располага барателот на кредит, како: земјишта, земјоделски, градежни, шумски и пасишта, деловни згради и деловни простории, да можат да аплицираат за проектот.